# 23. ДОМАЌИНЕ ДОБРИ ГОСТИ ТИ ДОЈДОА




1. Домаќине, добри гости ти дојдоа,
домаќине, добри гости ти дојдоа,
а, а, аман, добар абер ти донесоа,
а, а, аман, добар абер ти донесоа.

2. Домаќине, стадо ти се објагнило,
домаќине, стадо ти се објагнило,
а, а, аман, половина облизнило,
а, а, аман, половина облизнило.

3. Жена ти се домаќине породила,
жена ти се домаќине породила,
а, а, аман, породила машко дете,
а, а, аман, породила машко дете.